

ЕВН Македонија и нејзините друштва вршат дејности од областа на дистрибуција, снабдување и производство на електрична енергија. На македонскиот пазар компанијата е присутна над 15 години како дел од групацијата ЕВН АГ Австрија и претставува доверлив работодавач за своите вработени кој нуди конкурентни услови на пазарот на труд и различни можности за развој. Цел на ЕВН е одржување на висока професионалност и континуиран квалитет на услугите за своите корисници.

## КАРИЕРА ВО ЕВН

Доколку имате желба да бидете дел од голем и успешен тим, да ги реализирате своите амбиции и остварите професионален развој во меѓународна групација, како и да придонесувате кон остварување на растот и развојот на една од најуспешните компании, аплицирајте за.

# СПЕЦИЈАЛИСТ за РЕГУЛАТИВА (М/Ж)

**Работни задачи и активности**

- Целосна одговорност за корпоративната функција на планирање кое опфаќа: планирање и анализа на економската, политичката, регулаторната, пазарната и конкурентската околина, како и внатрешно-организациона, финансиска и техничка анализа.
- Развој на долгорочно стратешко планирање за постигнување на долгорочните цели на компанијата.
- Воспоставување контакти со други институции, организации, учесници на пазарот на електрична енергија и индустриски и регулаторни власти.
- Одговорност за осигурување дека операциите на компанијата се во согласност со надворешните и внатрешни стандарди и регулатива.
- Моделирање и следење на енергетскиот пазар, ценовна и тарифна политика, следење и примена на ценовна и тарифна регулатива.
- Управување на регулативата за обновливи извори на електрична енергија и енергетска ефикасност.
- Подготовка на извештаи за регулаторна комисија.

**Потребни квалификации**

- Технички факултет (Предност би имале кандидатите со Електротехнички факултет) или Правен факултет
- Одлично познавање на MS Office,
- Познавање на англиски јазик ќе се смета како предност,
- Способност за работа во кратки рокови,
- Работно искуство минимум 2 (две) години,
- Возачка дозвола,
- Исполнителност и одговорност,
- Флексибилност,
- Тимска работа

Доколку сте заинтересирани за кариера во ЕВН, на jobs@evn.mk испратете куса биографија и мотивационо писмо најдоцна до 13.05.2025.

**Напомена:** Во согласност со законот за заштита на лични податоци со самото испраќање на Вашата апликација согласни сте вашите податоци да се чуваат , обработуваат и користат исклучиво за целите на регрутација и селекција. Повеќе информации околу Вашите права за обработка на податоците, како и за начинот на обработка на податоците можете да добиете на следниот линк https://evn.mk/TopMenu/Career.aspx .

ЕВН е компанија која нуди еднакви можности и правичен третман при вработување на сите лица без оглед на нивната раса, пол, религија, национална припадност, вид на попреченост или политичка припадност.

Откријте го светот на ЕВН и искористете ја можноста за одличен развој на Вашата кариера!

ensure обезбедува encourage охрабрува enable овозможува